ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО ШТИП, во совет составен од судиите: Сузана Здравева - претседател, Светлана Јованова и Софија Манева членови на советот, и по правната работа на тужителот Друштво за градежништво трговија и услуги«Г Д ДООЕЛ» «С.Н.» против туженият «И ДООЕЛ» од «С.Н.»,основ надомест на материјална штета вредност на спорот 660.520,оо денари а решавајки по жалбата изјавена од тужителот Г Д ДООЕЛ«» «С.Н.»преку пол. адв. «В П » од «Скопје» преку полномошникот,против пресудата на «Основен суд Штип»« Тс1.18/18» од 14.10.2020 година на седницата одржана на «15.01.2021» година, ја донесе следната:

П Р Е С У Д А

Жалбата изјавена од тужителот, - СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на «Основен суд Штип »«Тс1.18/18», од 14.10.2020 година - СЕ ПОТВРДУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужителот да му плати на туженият дополнителни трошоци за одговорот на жалбата во износ од 19.640,00 денари , во рок од 8 дена по приемот на ова одлука.

О б р а з л о ж е н и е

«Основен суд Штип»со пресуда «Тс1.18/18» «»од 14.10.2020 година тужбеното барање на тужителот Друштво за градежништво трговија и услуги« Г Д ДООЕЛ» увоз-извоз С.Н., против туженият «И ДООЕЛ» од «С.Н.», да се задолжи туженият да му плати на тужителот на име надомест на материјална штета износ од 660.520,оо денари, со законска казнена камата сметано од 01.11.2018 година, во висина на референтната стапка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за 10 процентни поени, па се до конечната исплата, како и барањето за трошоци во постапката, го одбил како неосновано.

Го задолжил тужителот да му ги надомести трошоците во постапката на туженият во износ од 115.338,оо денари во рок од 8 дена по приемот на пресудата.

Во останатиот дел барањето на туженият за трошоци во постапката за разликата од бараните 122.838,оо денари до досудените, во износ од 7.500,оо денари го одбил.

Од ваквата пресуда останал незадоволен тужителот, кој во

навремен рок поднел жалба поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Предлага жалбата да се уважи, пресудата преиначи или укине и предметот врати на првостепениот суд на повторно судење.

Туженият во навремен рок има поднесено одговор на жалба со која ги побива жалбените наводи и предлага жалбата да се одбие а подиваната одлука потврди. Бара трошоци по одговорот на жалбата.

Апелациониот суд во Штип, ја разгледа жалбата, одговорот на жалбата, списите кон предметот, ја испита побиваната пресуда во смисол на чл.354 од ЗПП, па најде:

Жалбата е неоснована.

Неосновани се жалбените наводи на жалителот дека при донесувањето на побиваната пресуда, првостепениот суд сторил суштествена повреда од чл.343 ст.2 т.14 од ЗПП, која според него се состои во тоа што пресудата има недостатоци поради кои не може да се испита, истата е неразбирлива и не содржи причини за решителните факти, а дадените причини биле нејасни и противречни. По наоѓање на овој суд, изреката на побиваната пресуда е разбирлива, не противречи самата на себеси ниту на причините на пресудата, пресудата содржи доволно причини за решителните факти, тие причини се јасни и произлегуваат од доказите изведени во текот на постапката.

Неосновани се жалбените наводи на жалителот за нецелосно и погрешно утврдена фактичка состојба, бидејќи од изведените и правилно ценети докази првостепениот суд ја има целосно и правилно утврдено фактичката состојба во конкретниот граѓанско-правен однос.

Имено,првостепениот суд утврдил дека тужителот е правно лице во приватна сопственост со приоритетна дејност останати завршни градежни работи а туженият правно лице во приватна сопственост, со приоритетна дејност други градежно -инсталатерски работи.

По спроведени преговори помеѓу застапниците по закон на странките во спорот, помеѓу тужителот како инвеститор и туженият како изведувач бил склучен усмен договор за дело, а врз основа на писмена понуда од туженият до тужителот за изработка на хидроизолација на стамбен објект во С.Н. бр. од 21.10.2016 година. Според оваа понуда од страна на туженият на кровната тераса на предметниот стамбено деловен објект требало да се изведе хидроизолација составена од два споја трака Е Е преку ладен премаз прајмер Р -R премачкан врз кровната плоча. Покрај оваа хидроизолација требало да се обработат и сливниците за атмосферска вода од терасата со сливници тип HL со гарнитура за спојување HL 83 M и исполна со ИСОТАЛ и трајно еластичен кит У- . Врз сетоа ова требало да се постави и термичка изолација XPS со екструдиран полистирен R SL -A со дебелина 10 см. (2х5 см) Материјалите кои би се вградиле во понудата се од брендот V A и

термика D . Во понудата цените биле дадени по единица мерка, додека вистинските количини требало да се утврдат со градежна книга. Оваа понуда не била потпишана од страна на тужителот, но истата тој ја прифатил и го вовел во работа туженият на предметниот објект.

За извршување на договорените работа за изработка на хидроизолација на објектот, туженият го задолжил тужителот најпрво да плати со две аванси фактури на вкупен износ од 240.000,оо денари, и тоа фактура бр. од 28.11.2016 година на износ од 100.000,оо денари и фактура бр. од 15.12.2016 година на износ од 140.000,оо денари, а тужителот по овие две авансни фактури платил вкупно 160.000,оо денари.

По склучување на договорот, во декември 2016 година, од понудените и договорени работи, туженият на лице место на предметниот објект извел ладен премаз прајмер Р премацкан врз кровната плоца и тоа во еден спој од хидро-изолацијата во трака Е . За изведените работи од страна на туженият бил воден градежен дневник, но била водена и градежна книга. Така, била составена градежна книга со скици на површините на кои бил поставен ладен премаз прајмер и една хидроизолацијаона трака на површина од 564, 46 м2 градежна книга бр. со скици на површините на кои бил составен ладен премаз прајмер и една хидроизолацијаона трака на површина од 128 м2. Двете градежни книги биле потпишани и од изведувачот - сега туженият и со печат и потпис од страна на надзорниот инжинер, со што бил потврден квалитетот и количината на изведените работи, а на градежните книги не биле запишани никакви забелешки. Туженият ги извел работите од точка 1 од понудата во прва фаза во целост, наведените во двете градежни книги.

За извршените работи по градежна книга со скици на површините од 564,46 м2, туженият го задолжил тужителот да плати со фактура бр. од 14.02.2017 година вкупен износ од 98.676,оо денари, притоа пресметувајќи и одбивајќи го износот од двете авансни фактури со доспеаност на 14.04.2017 година.

За извршените работи по градежна книга бр. скици на површините на кои бил поставен ладен премаз прајмер и една хидроизолацијаона трака на површина од 128 м2, туженият го задолжил тужителот да плати со фактура бр. од 14.02.2017 година вкупен износ од 76.800,оо денари, со доспеаност на 14.04.2017 година.

Фактурата бр. од 14.02.2017 година и фактурата бр. од 14.02.2017 година, заедно со двете градежни книги, туженият му ги доставил на тужителот со допис испратен со препорачана пратка по пошта на 21.02.2017 година, а тужителот никогаш не истакнал приговори и забелешки на фактурите.

Фактурираните количини и изведени работи од страна на туженият во фактура бр. и фактура бр. се во согласност со потпишаните градежни книги.

Тужителот не го платил износот по доставените фактури од туженият во дадениот рок и по истекот на истиот, ниту пак го платил остатокот од 80.000,оо денари по двете авансни фактури и со допис

насловен како опомена од 06.04.2017 година испратен со препорачана пратка на 07.04.2017 година, преку својот полномошник го известил тужениот наведувајќи дека тој не ги исполнил обврските согласно договорт за лепење на изолација на отворени проодни тераси и кров во два споја на предметниот објект дека вториот спој на изолација требало да биде наместен во февруари или март 2017 година дека наместениот прв спој на изолација има недостатоци во дождливи и снежни денови и почнува да тече, и го повикал во рок од 3 дена од приемот на дописот да ги корегира недостатоците на поставениот прв спој на изолација и да го постави вториот спој на изолација, а во спротивно ќе ангажира друг изведувач за да ја отстрани поставената изолација на трошок на сега тужениот и да ја заврши започнатата работа за поставување на втор спој на изолација.

Со писмено известување бр. од 28.04.2017 година тужениот се обратил до тужителот и го известил дека ја прекинува соработката и нема да продолжи да работи на предметниот објект, наведувајќи дека ова е од причина што сега тужителот не се придржувал до договореното со усмениот договор, на начин што не ги платил во целост износите по авансните фактури и по нив платил само вкупен износ од 160.000,оо денари, дека воопшто не ги платил износите по фактурите бр. и бр. и дека тужениот извршил работи во вкупен износ од 415.478 ,оо денари, а тужениот платил само 160.000,оо денари.

Бидејќи тужителот останал да му должи на тужителот вкупен износ од 255.476,оо денари од кој по двете авансни фактури бр. 111/16 од 28.11.2016 година и број од 15.12.2016 година, вкупен износ од 80.000,оо денари и целите износи по фактурибр од 14.02.2017 година во износ од 98.676 денари и бр. од 14.02.2017 година во износ од 76.800,оо денари, на 26.02.2018 година тужениот до надлежен нотар поднел предлог за издавање на нотарски платен налог за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа. Нотарот Ј К од С.Н. донел решение НПН бр. 181/2018 од 26.02.2018 година со кое предлогот бил усвоен и нотарскиот налог бил издаден, а сега тужителот бил задолжен во рок од 8 дена од приемот на решението да го намири на сега тужениот пристигнатото парично побарување по предметните фактури во вкупен износ од 255.476,оо денари со соодветна камата и трошоци во постапката. Против ова решение сега тужителот поднел приговор и постапувајќи по приговорот Основен суд Штип донел правосилна пресуда ПЛ1-ТС-42/18 од 27.06.2019 година со која приговорот на сега тужителот бил одбиен а решението на нотарот останало во сила.

Додека постапката ПЛ1-ТС- 42/18 не била сеуште правосилно завршена, тужителот на 01.11.2018 година ја поднел предметната тужба.

Согласно наод и мислење од Завод за вештачење ДООЕЛ С изготвен од Вештото лице П С дипл. градешен инжинер, изготвен по увид на лице место на предметниот објект во месец август 2017 година на поставената хидро изолација во еден спој од страна на тужениот се

појавиле воздушни мерки и на одредени места пропушта вода манифестирано преку влажни места на таванските површини на катот подолу. Согласно ова вештачење од причина што на хидроизолацијата поставена во еден спој постојат воздушни мери, потребно е таа да се отстрани и да се постави нова хидроизолација и вредноста на овие работи изнесува 660.520,оо денари.

Согласно наод и мислење изготвено од А К вешто лице од областа на архитектура изготвен по увид на лице место на предметниот објект во месец април 2018 година и усогласување на наоди и мислења од истото вешто лице, прекинувањето на работите на објектот и недоврашувањето на хомплетната хидроизолација а посебно подолгата пауза од 2 години предизвикало ширење на материјалот на големите температурни разлики (зиме и лете) и како последици на ова се појавиле одредени воздушни меури под еластичниот дел на траката Е

Согласно наодот и мислењето на супер вештачењето СВ III од 03.07.2020 година на Биро за судски вештачења Скопје изготвено од вешти лица м-р дги П Р , дги. ЉБ и дги. Г Л , тужениот како изведувач ги извел работите од точка 1 од понудата во прва фаза во целост, односно извршил ладен премаз прајмер и поставен прв спојхидроизолациона трка без поставување на втор спој на хидроизолационата трака и поставување на сливници, кои изведени работи се потпишани и заверени од надзорниот инжинер именуван од инвеститорот- сега тужителот и работите се изведени во количина која е наведена во градежната книга според техничките правила, прописи и стандарди, потврдени од надзорниот инжинер без никакви забелешки на градежната книга , а изведувањето на работите прекинале во неисполнување на финансиските обврски од страна на инвеститорот наведено во известување од изведувачот.Според истото супер вештачење во конкретниот случај хидроизолацијата била изработена само во еден спој и како таква требало да биде заштитена од атмосферски и механички влијанија, а непоставените сливници имаат свое влијание на продорот на вода во долните спратови, а на лице место на 24.06.2020 година била поставена нова хидроизолација со видливо подигање на нивото на хидроизолацијата за 20 см во однос на прво поставената хидроизалациона трака и поставена нова хидроизолација.

На вака утврдената фактичка состојба првостепениот суд со примена на одредбите од чл. 31 ст.1, чл. 17, чл. 18, чл. 20 ст.1, чл. 10, чл. 251 ст.1, чл. 219 ,чл. 622, чл. 626, ст.1,2 и 3, чл. 633 ст.1, чл. 635 ст. 1 и 2, чл. 637 ст.1 и 2, чл. 41 ст.1, чл. 142 и чл. 145 ст. 1,2 и 3 од ЗОО, тужбеното барање на тужителот со кое бара да се задолжи тужениот да му плати на име надомест на материјална штета износ од 660.520,оо денари, го одбил како неосновано.

По наоѓање на овој суд првостепениот суд на правилно и целосно утврдената фактичка сосотојба правилно го применил материјалното право кога одлучил како во изреката на побиваната одлука, при што дал доволно образложени и аргументирани причини со кои се согласува и овој

суд.

Имено,од изведените докази е утврдено дека туженият за извршените градежни работи водел градежни книги во кои е наведена извршените градежни работи по количина, а потврдени од надзорниот инжинер без никакви забелешки односно се потпишани и заверени од надзорниот инжинер именуван од инвеститорот- сега тужителот. Туженият изготвил фактури и го задолжил тужителот да ја плати цената за изведените градежни работи, одбивајќи го износот од двете авансни фактури. Поради неисполнување на обврските по предметните фактури туженият до надлежен нотар поднел предлог за издавање на нотарски платен налог.Нотарот Ј К од С.Н. донел решение НПН бр. 181/2018 од 26.02.2018 година со кое предлогот бил усвоен и сега тужителот бил задолжен во рок од 8 дена од приемот на решението да го намири на сега туженият пристигнатото парично побарување по предметните фактури во вкупен износ од 255.476,оо денари со соодветна камата. Против ова решение сега тужителот поднел приговор, кој со пресуда на Основен суд Штип ПЛ1-ТС-42/18 од 27.06.2019 година која е правосилна, бил одбиен а решението на нотарот останало во сила. Осве ова, првостепениот суд утврдил дека поради непочитување на обврските од страна на тужителот, туженият со писмено известување бр. од 28.04.2017 година се обратил до тужителот и го известил дека ја прекинува соработката и нема да продолжи да работи на предметниот објект.

Согласно утврденото правилен е заклучокот на првостепениот суд дека туженият како вршител на работите не ја извршил работата како што е договорено, поради непочитување на обврските од страна на нарачувачот, сега тужителот.

Од изведените докази во текот на постапката првостепениот суд утврдил дека тужителот со опомена од 06.04.2017 година го известил туженият дека не ги исполнил обврските согласно договорот за лепење на изолација на отворени проодни тераси и кров во два слоја на предметниот објект и дека наместениот прв слој на изолација има недостатоци и го повикал туженият во рок од 3 дена од приемот на опомената да ги корегира недостатоците на поставениот прв слој на изолација и да го постави вториот слој на изолација.

Во ситуација кога неспорно е утврдено дека тужителот со допис од 06.04.2017 година го известил туженият за недостатоците на извршените работи и дека предметната тужба е поднесена на 01.11.2018 година односно по истекот на рок од една година, правилно првострепениот суд имајќи ја во предвид одредбата од чл. 635 ст.1 од ЗОО заклучил дека тужителот нема можност ова свое право да го остварува по судски пат и дека по истекот на една година од направеното известување доколку за недостатоците навреме го известил вршителот на работата има право со приговор против евентуалното барање на туженият за исплата на надоместоците да го истакне своето право за намалување на надоместоците и за надомест на штета.

При одлучувањето судот ги ценеше наводите на тужителот дека

туженият при изведување на градежните работи на објектот не постапил со потребното стручно внимание и несоодветно го поставил првиот слој на хидроизолација без притоа да постави уште еден соодветен слој на хидроизолација и сливници, но не ги прифати. Ова од причина што туженият како изведувач ги извел во целост работите од понудата во прва фаза односно извршил ладен премаз и поставил прв слој на хидроизалационен траг кои изведени работи се потпишани и заверени од надзорниот инжинер именувам од сега тужителот како инвеститор, а истите работи се изведени во количина која е наведена во градежната книга и потврдени од надзорниот инжинер без никакви забелешки од градежната книга. Со оглед на тоа дека тужителот не се придржувал кон договорените обврски односно не го платил износот по доставените фактури од туженият во дадениот рок ниту пак го платил остатокот по двете авансни фактури и останал да му должи на туженият износ од 255.476,оо денари, туженият се обратил до тужителот и го известил дека ја прекинува соработката и нема да продолжи да работи на предметниот објект од причина што тужителот не се придржувал до договореното. Имено, од изведените докази е утврдено дека туженият по ставање на првиот слој на хидроизолација прекинал со изведување на работите, односно не го поставил вториот слој на хидроизолација и за ова писмено го известил тужителот, наведувајќи ги причините за тоа. Согласно наведеното доколку непоставувањето на вториот слој на хидроизолација или неговото задоцнето поставање предизвикало некаква на штета на тужителот, туженият се ослободува од одговорноста за таквата евентуална штета и на негова страна не постои вина, ако се има во утврдениот факт дека тужителот не му ја платил цената за извршените градежни работи на туженият односно не се придржувал кон договорените обврски.

При одлучувањето, овој суд ги имаше во предвид и останатите наводи во жалбата, меѓутоа најде дека истите не се од влијание за поинакво одлучување а дотолку повеќе што истите биле истакнати и во текот на постапката пред првостепениот суд за кои се дадени доволно образложени и аргументирани причини со кои се согласува и овој суд.

Овој суд согласно чл.160 од ЗПП го задолжи тужителот да плати на туженият 19.640,00 денари на име дополнителни трошоци за одговор на жалба од кои 13.650,00 денари за состав на одговор на жалба и 6.600,00 денари за судска такса за одговор на жалба кои износи се во согласнсот со чл.8 од Тарифата за награда и надомест на трошоци за работа на адвокатите и согласно Таскената тарифа од Законот за судска такса.

Од погоре наведените причини, а врз основа на чл.357 од ЗПП, се одлучи како во изреката на оваа одлука.

АПЕЛАЦИОНЕН СУД - ШТИП, «15.01.2021» год.

Претседател на советот,
Сузана Здравева с.р.